Број: 0302-199
24.06.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии,
сметководство / ревизија

Предмет: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес, врз основа на сопствените анализи, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на работилница на тема:

**„Зголемување на знаењата и вештините на вработените во јавниот сектор од областа на евидентирање на трансакциите во деловните/трговските книги, даночната политика и подготвувањето на Годишниот план за спречување на корупцијата на ниво на правен субјект“**

**која ќе се одржи во периодот од 01 до 03 јули 2021 година, а ќе започне на 01 јули 2021 година со почеток во 13.00 часот во хотел „Дрим“ – Струга.**

Работилницата е наменета за вработените во одделите за финансии, даноци, внатрешна ревизија од Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва, други правни субјекти и заинтересирани лица, како и невладините организации.

Организирањето на работилницата претставува континуитет и продолжување на повеќе од дводецениската практика и традиција за подготовка на високо стручни материјали, одржување работилници и обезбедување поддршка во областите детално наведени во агендата.

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините, а се базирани на измените во регулативата. Учесниците на работилницата ќе имаат можност да разменат информации, искуства и добри практики за:

- Непризнаените расходи за даночни цели кај буџетските корисници и јавните претпријатија;
- Сметководствени грешки, политики и проценки;
- Обезбедување на побарувања, застареност и отпис кај ЈП и БК;
- Вреднување на средства, нивно признавање и загуби од обезвреднување кај ЈП;
- Примена на сметките за активни и пасивни временски разграничувања кај ЈП и БК;
- Вреднување на залихи кај ЈП и БК;
- Расходување и отуѓување на ситен инвентар;
- Данок на додадена вредност кај БК;
- Плаќање на данок на добивка при губење на право на реинвестирана добивка и донации во спортот;
- Оданочување на капитални добивки од продажба на движен и недвижен имот од аспект на данокот на личен доход;
- Сметководствени принципи и начела кај непрофитните организации;
- **Изготвување на Годишен план за спречување на корупција.**

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата и сет на материјали.

*Покрај тоа, учесниците на работилницата кои имаат **статус на сметководител**, односно **овластен сметководител** согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи **ќе добијат потврда за посетување на часови за КПУ** согласно со темите и времетраењето на сесиите/Агендата за оваа работилница. За овие учесници фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.*

Надоместокот за учество на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник изнесува само **5.000 денари + 18% ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје
Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје
Даночен број МК 4004997107233

За повеќе учесници од иста институција одобруваме 10% попуст на вкупниот износ.

**Транспортните трошоци и сместувањето во хотелот се на товар на учесниците.**

Поради очекуваниот интерес за работилницата, а во функција на нејзиното добро организирање, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk. Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

**Резервацијата за Вашиот престој во хотелот** и уредување на сите меѓусебни права и обврски можете да го извршите преку контактирање на вработените во хотел **„Дрим“ – Струга,** на телефонскиот број 070/347-269 или на e-mail: sales@drim.com.mk

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски

Прилог: Агенда